С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 3 година XL** **01 јуни 2004**	Претплата за 2004 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

45.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање под закуп на недвижен имот - објект "Сателитска станица"

Се прогласува Одлуката за давање под закуп на недвижен имот - објект "Сателитска станица", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/1
01 јуни 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година донесе

О Д Л У К А
за издавање под закуп на недвижен имот -објект "Саталитска станица"

Член 1

Со оваа Одлука се регулира начинот и постапката на издавање под закуп на надвижен имот-објект "Саталитска станица", сопственост на Општина Велес кој се наоѓа на КП 309 со површина од 41 м^2 и е заведен во ПЛ бр. 513 за КО Башино Село во м.в. "Зад Црква".

Член 2

Издавањето под закуп на предметниот објект од член 1 на оваа Одлука,ќе се изврши по пат на јавно наддавање за период најмалку од три години.

Член 3

Постапката за јавното наддавање и утврдувањето на почетната цена на закупнината ќе ја изврши Комисија од 3 члена, именувана од Советот на Општина Велес.

Член 4

Се задолжува Комисијата, по спроведувањето на постапката и изборот на најповолен закупувач, да достави извештај до Советот на Општина Велес.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес по извршениот избор да склучи Договор за закуп со закупувачот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/2
31.05.2004 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

46.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање под закуп на недвижен имот - објект Градски базен

Се прогласува Одлуката за давање под закуп на недвижен имот - објект Градски базен, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/2
01 јуни 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), и член 23,став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година донесе

О Д Л У К А
за издавање под закуп на недвижен имот - објект Градски базен

Член 1

Со оваа Одлука се регулира начинот и постапката на издавање под закуп на надвижен имот-објект-Градски базен, сопственост на Општина Велес кој се наоѓа на КП 1798 со површина од 6 796 м^2 на ул "Алексо Демиевски" и е заведен во ИЛ бр. 23410 за КО Велес.

Член 2

Издавањето под закуп на предметниот објект од член 1 на оваа Одлука,ќе се изврши по пат на јавно наддавање за период од пет години.

Член 3

Постапката за јавното наддавање и утврдувањето на почетната цена на закупнината ќе ја изврши Комисија од 3 члена, именувана од Градоначалникот на Општина Велес.

Член 4

Се задолжува Комисијата, по спроведувањето на постапката и изборот на најповолен закупувач, да достави извештај до Советот на Општина Велес.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес по извршениот избор да склучи Договор за закуп со закупувачот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/3
31.05.2004 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска с,р.

47.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за определување на работното време на зелените пазари во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за определување на работното време на зелените пазари во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/3
01 јуни 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 20 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02),и член 14, став 2 од Законот за трговија ("Сл.весник на РМ"бр.16/04),а согласно член 23,став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година донесе

О Д Л У К А
за определување на работното време на зелените пазари во Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се определува работното време на зелените пазари во Општина Велес.

Член 2

Работното време на зелените пазари за секој ден се определува и тоа:

-во летниот период од 01.04. до 30.09 од 5,оо ч до 20,оо ч;

-во зимскиот период од 01.10. до 31.03 од 5,оо ч до 18,оо ч.

Член 3

Определеното работно време да биде истакнато на видно место на влезовите на зелените пазари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/4
31.05.2004 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска.с,р.

48.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Акционен план за интегриран развој на општините и културата - Велес и Богомила

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Акционен план за интегриран развој на општините и културата - Велес и Богомила, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/4
01 јуни 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 23,став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес " бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05 2004 година донесе:

З А К Л У ЧО К
за усвојување на Акциониот план за интегриран развој на општините и културата Велес-Богомила

1.Се усвојува Акциониот план за интегриран развој на општините и културата Велес-Богомила.

2. Акциониот план за интегриран развој на општините и културата Велес-Богомила се дополнува со следните содржини :

-Делот „Едукативни активности" се дополнува со нова точка:

-Опремување простор за библиотека на странска белетристичка и стручна литература.Градот има потреба од овој вид библиотечен фонд поради големиот интерес на граѓаните за следење на светските достигнувања во литературата, науката и техниката.

- Делот “Промотивни активности" да се дополни со:

-реконструкција и адаптација на простор за Ликовен салон со галерија.Со овој проект ќе се создадат услови за редовна презентација на ликовната уметност, промоции на книги, настапи на камерни оркестри и сл;

-опремување и адаптација на простор за Туристичко биро;

-реконструкција на салата на Центарот за детско творештво;

-реконструкција на просториите и салата кои во моментот ги користи кино „11 Октомври".

- Делот "Интегрални проекти за развој на еко и културен туризам" да се дополни со:

-Проекти за заживување на планинскиот туризам преку реновирање и адаптација на Планинарскиот дом „Бреза", обележување и реконструкција на приодните патишта и планинските патеки;

-проекти за развивање на ловниот туризам во реонот на селата Дреново и Ѓлевци со заградување и обележување на ловиштата, оформување на лово-чуварска служба и ловни пунктови;

-означување и уредување на приодите во локалитетот Бабуна кој е прогласен за карактеристичен пејзаж, означување на пештерските цркви, уредување на трим патеки;

-уредување на комплекс спортски објекти на Езеро Младост: трим патеки, кошаркарски, ракометни и игралишта за тенис и голф.

- Делот "Активности за ревитализација на сакралната архитектура" да се дополни со:

-Реставрација на параклисот Св. Ѓорѓија.

-Делот „Проекти за ревитализација на старата градска архитектура" да се дополни со:

-Фасадирање на куќи со стара градска архитектура во централно градско подрачје кои не се доволно потенцирани;

-откуп и адаптација на куќата на JXK Џинот;

-празнична илуминација на Железен мост.

3. Акциониот план за интегриран развој на општините и културата Велес-Богомила да се растерети од имињата на невладините организации.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес.”

Број 0701-1153/5
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на ОпштинаВелес,
Стеванка Богоевска.с,р.

49.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Одборот за локален економски развој на Општина Велес

Се прогласува на Решението за именување на претседател и членови на Одборот за локален економски развој на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/11
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03), а согласно Одлуката за воспоставување на Програма за локален економски развој на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.2/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Одборот за локален економски развој на Општина Велес

1. За претседател на Одборот за локален економски развој на Општина Велес се именува:

- Тодор Левков - дипломиран економист

2. За членови на Одборот за локален економски развој на Општина Велес се именуваат:

- Билјана Шуркова Манаскова - дипломиран професор по биологија;
- Игор Андреев - дипломиран електро инженер;
- Горан Илъовски - дипломиран градежен инжинер;
- Благој Димов - м-р по земјоделство;
-Максим Ацевски - дипломиран економист;
- Марина Мијаловска - дипломиран технолог;
- Аџо Петров - дипломиран економист;
- Горан Рушитовиќ- дипломиран економист.

3. Претседателот и членовите на Одборот се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/12
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

50.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "JXK-Џинот" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови

на Училишниот одбор на ОУ "ЈХК-Џинот" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/12
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Јордан Хаџи Константинов-Џинот" Велес

1. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Јордан Хаџи Константинов-Џинот" од Велес се разрешуваат:

- Петар Илиев - дипломиран електро инженер; и
- Злата Анчева - средна стручна спрема

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Јордан Хаџи Константинов-Џинот" од Велес се именуваат:

- Наташа Поцева - средна стрижна спрема; и
- Благој Ристовски - професор по историја.

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањсто во"Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/13
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

51.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/13
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Трајко Андреев" Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев" од Велес се разрешуваат:

- Трпко Мицев - вработен во Министерство за одбрана; и
- Сузана Колева - приватен стопанственик

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев" од Велес се именуваат:

- Елена Тевчева - дипл.филолог по макед.книжевност и англиски јазик; и
- Трпко Мицев - вработен во Министерство за одбрана ПЕ Велес

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/14
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

52.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Васил Главинов" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Васил Главинов" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/14
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Васил Главинов" Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОУ "Васил Главинов" од Велес се разрешуваат:

- Никола Дебарлиев - стоматолог; и
- Бакиовски Максуд - наставник по одделенска настава

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Васил Главинов" од Велес се именуваат:

- Весела Петрушева - дипломиран правник; и
- Максут Бакиовски - наставник по одделенска настава

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/15
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

53.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/15
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор ОУ"Кирил и Методиј" Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" од Велес се разрешуваат:

.- Марија Настова - професор; и

-Благоја Ристов - приватен стопанственик.

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" од Велес се именуваат:

-Лилјана Николовска Коцева - наставник по одделенска настава; и

- Роза Митушева - економист .

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/16
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

54.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/16
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" од Велес се разрешуваат:

-Петре Костов - наставник по одделенска настава; и

- Зоран Вчков - средна стручна спрема

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" од Велес се именуваат:

-Милица Јовановска - доктор специјалист по кожни болести; и

- Ангел Киров - професор по филозофија.

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/17
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

55.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежноземјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/5
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

1. Се усвојува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/6
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 31.05.2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

Член 1

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година ("Службен гласник на општина Велес" бр. 9/03, 1/04 и 2/04) се врши измена и дополнување:

во глава V. - Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и тоа:

-Во точка III - Изградба на улици, во колоната "износ" бројот "6.185.000,оо" се брише и се заменува со бројот "6.435.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "9.83%" се брише и се заменува со "10.23%", и се додава една нова позиција и тоа:

-"10. УЗУС - Индустриска зона со вредност од 250.000,оо ден. и процент од 3,89%".

-Во точка IX - Одржување на спортски терени, паркови и детски игралишта, во колоната "износ" бројот "550.000,оо" се брише и се заменува со бројот "300.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.87%" се брише и се заменува со "0.48%", позицијата "3.Јаворите - партерно уредување околу нив." се брише во целост, а во: позиција"1" во колоната "структура %" бројот "9.09" се брише и се заменува со бројот "16.67", позиција"2" во колоната "структура %" бројот "18.18" се брише и се заменува со бројот "33.33" и позиција "4" во колоната "структура %" бројот "27.27" се брише и се заменува со бројот "50.00"

-Во точка XI - Разни зафати (изградба и одржување), во позицијата "1. Крајбрежниот појас на езеро Младост - спортски терени" во колоната "износ" бројот "800.000,оо" се брише и се заменува со бројот "400.000,оо",во колоната "структура %" бројот "11.22%" се брише и се заменува со "5.61%", во позицијата "10. Експропријација" во колоната "износ" бројот "200.000,оо" се брише и се заменува со бројот "400.000,оо", во колоната "структура %" бројот "2.81%" се брише и се заменува со "5.61%", и се додава една нова позиција:

-"18. Сценски зид на Амфитеатарот (Младински парк) со вредност од 200.000,оо ден. и процент од 2,81%".

Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/6
31.04.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с,р.

56.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/6
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес во 2003 год.

1. Се прифаќа Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес во 2003 година, со дополнување да се достават податоци за корисниците на социјална помошво кои националната структура ќе биде изразена во проценти.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/7
31.05.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

57.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/7
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Програмата за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2004 год.

1. Се прифаќа Програмата за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/8
31.05.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

58.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата застатусот на проектот Пречистителна станица за отпадни води со колектори-Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за статусот на проектот Пречистителна станица за отпадни води со колектори-Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/8
01 јуни 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иформацијата за статусот на проектот Пречистителна станица за отпадни води со колектори-Велес

1.Се прифаќа Информацијата за статусот на проектот Пречистителната станица

за отпадни води со колектори Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/9
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

59.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/9
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

З А К Л У ЧО К
за прифаќање на Иформацијата за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси

1.Се прифаќа Информацијата за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси со забелешка, да се стави акцент на предложените мерки и активноси во Информацијата и надлежните служби да ја извршуваат својата работа во рамките на своите надлежности.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/10
31.05.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

60.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбите со вработувањето и невработеноста во Општина Велес во периодот јануари-декември 2003 година,

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбите со вработувањето и невработеноста во Општина Велес во периодот јануари-декември 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31 мај 2004 година.

Број 0801-1154/10
01 јуни 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.05.2004 година, донесе

З А К Л У ЧО К
за прифаќање на Иформацијата за состојбите со вработувањето и невработеноста во Општина Велес за периодот јануари-декември 2003 година

1.Се прифаќа Информацијата за состојбите со вработувањето и невработеноста во Општина Велес за периодот јануари декември 2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен

гласник на Општина Велес".

Број 0701-1153/11
31.05.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

61.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.05.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец мај 2004 година

Член 1

За месец мај 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, и надоместок за патни и дневни трошоци во висина од 8% од просечната исплатена месечна нето плата за последните три месеци во Република Македонија.

Член 2

За месец мај 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес и надворешни членови им се утврдува надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Доколку на денот на одржувањето на седница на Советот на Општина Велес, се одржува седница на работно тело-одбор или комисија,надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на членовите на Советот не им се исплатува.

Член 3

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец мај 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец април ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.2/04).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес" ,а ќе се применува за месец мај.

Број 1001-1068/3
27.05.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
45	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за давање под закуп на недвижен имот - објект "Сателитска станица"** **О Д Л У К А за издавање под закуп на недвижен имот -објект "Саталитска станицаг**	87
46	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за давање под закуп на недвижен имот - објект Градски базен** **О Д Л У К А за издавање под закуп на недвижен имот -објект Градски базен**	88
47	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за определување на работното време на зелените пазари во Општина Велес** **О Д Л У К А за определување на работното време на зелените пазари во Општина Велес**	88
48	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Акционен план за интегриран развој на општините и културата - Велес и Богомила** **З А К Л У ЧО К за усвојување на Акциониот план за интегриран развој на општините и културата Велес-Богомила.**	89
49	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Одборот за локален економски развој на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Одборот за локален економски развој на Општина Велес**	90
50	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "ЈХК-Џинот" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Јордан Хаџи Константинов-Џинот" Велес**	90
51	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Трајко Андреев" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Трајко Андреев" Велес**	91

Бр на акт **Страница**

52	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Васил Главинов" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Васил Главинов" Велес**	92
53	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Кирил и Методиј" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор ОУ"Кирил и Методиј" Велес**	92
54	**З А К Л У Ч О Кза прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ со целодневен престој "Блаже Конески" Велес**	93
55	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежноземјиште на подрачјето на Општина Велес за 2004 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година** **П Р О Г Р А М Аза измена и дополнување на Програмата зауредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година**	93
56	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2003 година** **З А К Л У ЧО К за прифаќање на Извештајот за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес во 2003 год.**	94
57	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2004 година**	95

Бр на акт **Страница**

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Програмата за работа на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес за 2004 год.

58 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за реализација на Пречистителна станица за отпадни води со колектори-Велес** 95

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Иформацијата за реализација на Пречистителна станица за отпадни води со клектори-Велес

59 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси** 96

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Иформацијата за состојбата и уреденоста на крајбрежните речни и езерски појаси

60 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за состојбите со вработувањето и невработеноста во Општина Велес во периодот јануари-декември 2003 година**, 96

З А К Л У ЧО К за прифаќање на Иформацијата за состојбите со вработувбањето и невработеноста во Општина Велес за периодот јануари-декември 2003 година

61 **О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец мај 2004 година** 97

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48